*Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија*
*бр. 04-1581/4*
*27.11.2024 година*

Врз основа на член 37-и ст.1 од Законот за јавните претпријатија (Сл. в. на РМ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25,/2015, 129/2015, 61/2015,39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Сл. в. на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Сл. в. на РСМ“ 143/19, 14/2020 и 208/24) ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија на 27.11.2024 година објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 03/2024**
**за засновање работен однос на неопределено време**

За пополнување на работно место од група даватели на јавни услуги:
- **Предводник на оддел за возен парк и одржување на механизација на возила,** со реден број 54 и со шифра КДР 03 05 Б02 013 во 3.0.0 Сектор за комунална хигена 3.1.0 Одделение за собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад 3.1.2 Оддел за возен парк и одржување на механизација на возила - 1 (еден) извршител.

**Опис на работното место**: Превентивно одржување и евидентирање на регистрација на специјалните комунални возила, градежна механизација и лесни возила со кои располага претпријатието, обработување на документацијата за возилата.
**Посебни услови**:
- стекнати најмалку ниво на квалификација IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование,
- кв/вкв квалификации,
- најмалку две години работно искуство во струката.

**Паричен износ на нето плата:** 30.236,00 денари.
**Работно време:** од 07:00-15:00 часот, 40 часа неделно, од понеделник до петок.

**Општи услови за даватели на услуги**
- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатите доставуваат **пријава** која треба да содржи:
1. Лични податоци на кандидатот;
2. Податоци за исполнување на општите услови;
3. Податоци за исполнување на посебните услови;
4. **Изјава,** под материјална и кривична одговорност, за потврда дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот;
5. Докази за исполнување на општите и посебните услови:
   - уверение за државјанство не постаро од 6 месеци
   - извод од матична книга на родените;
   - доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
   - доказ за општа здравствена способност за работното место;
   - диплома за завршено соодветно образование;
   - потврда за работно искуство, доколку е потребно за работното место;
   - потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, доколку е потребно за работното место.
6. Дата на пријавување и потпис на кандидатот.

Постапката за селекција за вработување на кандидати за работното место се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју, согласно Законот за јавни претпријатија.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето во дневниот печат во три дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.

Пријавата за вработување е достапна на интернет страната **https://komunalecgevgelija.mk/podnesi baranje/.**

Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува општите и посебните услови може да ја достави својата пријава, со приложени потребни докази и документи, лично, на архива на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија или препорачано по пошта на адреса ул. „7ми Ноември“ бр. 50, 1480 Гевгелија, со назнака **„за јавен оглас 03/2024”**.

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија
Директор,
**Раско Чочков**